# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 7 август 1987
Скопје
Број 33 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 100 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


647.

Врз основа на член 19 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 64/84) и член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОМЕСТУВАЊЕ НА НИВОТО НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ, ОДНОСНО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРИЧИНЕТИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

1. Се дава согласност на Одлуката за поместување на нивото на премијата за осигурување на корисниците, односно сопствениците на моторни возила од одговорност за штети причинети на трети лица, бр. 1201-1503/3-1 од 28 мај 1987 година, на Собранието на заедницата за осигурување имоти и лица „Македонија“ — Скопје со која нивото на премијата за осигурување на моторни возила од одговорност за штети причинети на трети лица се зголемува за 19,38% кај сите премиски групи.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за поместување нивото на премијата за осигурување на корисниците, односно сопствениците на моторни возила и одговорност за штети причинети на трети лица, бр. 23-1017/1 од 14 мај 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 20/87).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 23-1600/1
30 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

648.

Врз основа на член 3 од Законот за водењето на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, број 42/77), а по претходно мислење на Народната банка на Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1987 година („Службен весник на СРМ“, број 5/87 и 23/87); во член 2 точка 6 износот „1000“ се заменува со износот „1678“.

Член 2

Во член 4 алинеја 2 зборовите: „2 и 3“ се заменуваат со зборовите: „2, 3 и 5“, а во алинеја 4 зборовите: „намените од точките 5 и 6“ се заменуваат со зборовите: „намената од точка 6“, и стапката „25%“ се заменува со стапката „20%“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 195/2
30 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

649.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 1 јули 1987 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 3, член 4, точка 1, член 5, член 9 и член 10 во деловите во кои е утврден бројот на бодовите, член 14 алинеја 3, член 18 и член 19 во делот во кој е утврден бројот на бодовите од Правилникот за конкретна распределба на станови и распределба на средствата за станбена изградба на работниците во Основната организација на здружениот труд „Малопродажба“ — Струмица, во состав на Работната организација ЗИК „Струмица“ — Струмица донесен со референдум во месец април 1983 година, во време на нивното важење биле во спротивност со Законот за здружениот труд.

2. Оваа одлука има дејство на одлука со која се укинува самоуправниот општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената Работна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

4. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 238/86 од 8 април 1987 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на означените одредби од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната спротивност со Законот за здружениот труд. Воедно Судот утврди дека оспорениот Правилник престанал да важи на 31. 12. 1986 година, но, со оглед на тоа што претставката е поднесена на 10. 11. 1986 година, исполнети се процесните претпоставки за оценување негова уставност и законитост.

5. На седницата Судот утврди дека:

а) со член 3 од оспорениот Правилник е предвидено право на учество во распределбата на ста-

нови и станбени кредити да имаат само вработените на неопределено време во Основната организација, а со член 5 е предвидено вработените на определено време, дополнителна работа и пробна работа да не можат да учествуваат во распределбата на становите и станбените кредити.

Согласно член 174 став 4 од Законот за здружениот труд, работниците кои засновале работен однос на определено време ги имаат сите права, обврски и одговорности како и работниците кои засновале работен однос на неопределено време, со тоа што нивниот обем се утврдува во зависност од придонесот во работата или според должината на работното време. Со оглед на тоа што со наведените членови од оспорениот правилник од распределбата се исклучуваат вработените на определено време, Судот утврди дека тие се во спротивност со член 174 став 4 од Законот за здружениот труд;

б) со член 4 став 1 од оспорениот правилник како еден од условите за учество во распределбата на становите и станбените кредити е предвидено работникот да има најмалку 3 години работно искуство во Работната организација ЗИК „Струмица“.

Согласно член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд, правото на работа со општествени средства, што го стекнува секој работник во здружениот труд, е основа за остварувањето на неговите права, обврски и одговорности во здружениот труд. Согласно член 45 став 1 од овој закон, работејќи во здружениот труд со општествени средства, работникот создава доход кој има општествен карактер. Согласно член 45 став 3 точка 2 и член 118 став 1 од Законот, пак, дел од создадениот доход работниците во основната организација издвојуваат во фондот за заедничка потрошувачка, кој, покрај другото, се користи за обезбедување станови и станбени кредити за работниците. Работејќи со општествени средства и создавајќи доход работникот стекнува работен стаж кој исто така има општествен карактер. Поради општествениот карактер на работниот стаж, за остварувањето на правата, обврските и одговорностите во здружениот труд нема значење дали тој е стекнат во една или повеќе организации на здружен труд. Исто така, нема значење и должината на времето поминато на работа во основната организација како елиминаторен услов за стекнување на правото на учество во распределбата на станови и станбени кредити.

Со оглед на тоа што со наведениот член од оспорениот правилник се вреднува само работниот стаж поминат во работната организација ЗИК „Струмица“ — Струмица и тоа само работниот стаж над 3 години, а не работниот стаж воопшто, Судот смета дека со тоа се создава нееднаквост помеѓу работниците во распределбата на средствата за заедничка потрошувачка и утврди дека таа одредба не е во согласност со уставното начело на еднаквост на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста, утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Уставот на СР Македонија, како и е во спротивност со наведените законски одредби.

в) во член 10 од Правилникот е предвидено по основот стручна подготовка на работникот да се доделуваат определен број бодови за висока, виша и средна стручна подготовка, за ВКВ, КВ и средно училиште за занимање а не се предвидени бодови за ниже стручна подготовка и НКВ работници.

Судот смета дека не е во несогласност со Уставот и Законот предвидувањето на стручната подготовка како еден од основите за учество на работниците во распределбата на станови и станбени кредити, кога таа не е истовремено предвидена како еден од елементите преку кои се изразува придонесот во работата. Меѓутоа, Судот смета дека со исклучувањето од распределбата на станови и станбени кредити по овој основ на работниците со ниже стручна подготовка и на неквалификуваните работници, кои и со таква школска подготовка вршат определени работи односно работни задачи и даваат придонес во создавањето на доходот на основната организација, се повредува уставното начело за еднаквоста утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија;

г) во член 14 алинеја 3 од Правилникот е предвидено по основот учество во НОБ, децата на паднатите борци да добиваат определен број бодови.

Судот утврди дека тие работници неосновано се ставени во привилегирана положба во однос на другите работници и дека оваа одредба од Правилникот не е во согласност со уставното начело на еднаквост содржано во Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија;

д) во член 18 од оспорениот правилник е предвидено по основот однос спрема работата, работните задачи, средствата за работа и соработниците, Извршниот одбор на Основната организација на Синдикатот да доделува определен број бодови во распон.

Согласно член 181 став 2 од Законот за здружениот труд, оценка на придонесот на работникот може да дава работничкиот совет, комисија што тој ќе ја формира, или работниците непосредно.

Со оглед на тоа што оспорениот правилник не содржи објективизирани мерила за оценка на придонесот на работникот во работата, туку тоа му го препушта на слободна оценка, во границите на утврдениот максимум и минимум, на оној што го врши бодирањето по тој основ и со оглед на тоа што оценувањето на односот кон работата, работните задачи, средствата за работа и соработниците во работата е предвидено да ги врши Извршниот одбор на Основната организација на Синдикатот, а не работничкиот совет, негова комисија или работниците непосредно, Судот утврди дека член 18 од означениот правилник е во спротивност со член 181 став 2 од Законот за здружениот труд.

ѓ) во член 19 од оспорениот правилник е предвиден основот правен основ на користење на станот, според кој на работникот му се доделуваат определен број бодови во зависност од тоа дали е подстанар, корисник на стан, носител на станарско право, сопственик на стан и сосопственик. Во член 9 од оспорениот правилник, е предвиден основот тежина и одговорност на работното место на работникот по кој се добиваат, исто така, определен број бодови.

Споредувајќи го бројот на бодовите по основот станбена состојба со бројот на бодовите по другите основи, Судот утврди дека основот тежина и одговорност на работното место и основот стручна подготовка, според кој се добиваат најмногу бодови, имаат доминантно влијание во утврдувањето на редот на првенство за добивање станови на користење и на станбени кредити.

Поради тоа, Судот утврди дека одредбите на член 9, член 10 и член 19 од оспорениот правилник во деловите во кои е утврден бројот на бодовите, не е во согласност со уставното начело на заемност и солидарност утврдено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 238/86
1 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров,** с. р.

**650.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 8 јули 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување уставноста и законитоста на дел II точка 1 под „г“ од Конкурсот за запишување нови струденти во

I година во учебната 1987/88 година на Факултетите и вишите школи на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот во Битола.

2. На Уставниот суд на Македонија му е поднесена претставка со барање да ја оцени уставноста и законитоста на одредбата од Конкурсот означен во точката 1 од ова решение, затоа што со оспорената одредба се ограничува правото на запишување на кандидатите со III степен на стручна подготовка, со што се создава нееднаквост меѓу учениците со III степен и истата не е во согласност со член 47 од Законот за насоченото образование, според кој член право на упис имаат и кандидатите со III степен на стручна подготовка.

3. Судот на седницата утврди дека во делот II од Конкурсот се определени критериумите и условите за запишување во 1 година во учебната 1987/88 година на Факултетите и вишите школи. Во оспорената точка „г“ е предвидено дека право на учество на конкурсот, покрај другите, имаат кандидатите со завршено средно насочено образование од завршен III степен каде не постои IV степен.

Инаку, другите услови за запишување се: завршено соодветно средно насочено образование од IV степен; завршено соодветно средно стручно училиште; завршена гимназија; завршено несоодветно средно насочено образование од IV степен; завршено несоодветно средно стручно училиште; завршено училиште за занимање во траење од 3 години.

4. Согласно член 85 став 1 и 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85) статус на студент се стекнува со запишување во организација за насочено образование, а запишувањето во прва година се врши по пат на конкурс.

Согласно член 88 од Законот, организациите за насочено образование распишуваат конкурс за запишување на студенти, во кој конкурс се наведува бројот на студентите по вид на образование и степен на стручна подготовка, условите и критериумите за избор и запишување, времето на пријавувањето и постапката за спроведување на конкурсот.

Според член 47 алинеја 1, од Законот VII$_1$ степен на стручна подготовка (високо образование) се здобива со завршување на соодветни планови и програми за воспитно-образовна дејност за високото образование по претходно здобиен IV, III или V степен на стручна подготовка.

Според мислењето на Судот, од член 88 од Законот произлегува дека организациите за насочено образование се овластени во конкурсот да ги наведат условите и критериумите за запишување на студенти.

Од член 47, пак, од Законот, произлегува дека основен услов за здобивање со високо образование е кандидатот претходно да се здобие со IV степен на стручна подготовка. Притоа, со овој член од Законот е дадена можност со високо образование да се здобијат и кандидатите со III степен на стручна подготовка, но само ако со тој степен на стручна подготовка се здобиле во училишта каде е организирано завршување на соодветниот план и програм за три години, а каде не е организиран IV степен на воспитно образовната дејност.

Со оглед на изнесеното, Судот смета дека со оспорената одредба на конкурсот не се повредува уставното начело на еднаквост изразено во Оддел II став 1 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, меѓу кандидатите со завршен III степен на стручна подготовка во училишта каде завршувањето на планот и програмата е за три години и кандидатите со III степен во училишта каде завршувањето на планот и програмата е за четири години, затоа што овие кандидати не се наоѓаат во иста положба и не можат да имаат исти права.

Исто така, Судот смета дека, со оглед на изнесеното, не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од Конкурсот и со член 47 од Законот за насоченото образование.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

У. бр. 128/87
8 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров,** с. р.

---

**651.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 8 јули 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 3 од Одлуката бр. 08-2826/1 за утврдување критериумите за стопанисување со шумите на кои постои право на сопственост, донесена од Собранието на општина Македонски Брод на седницата од 24 декември 1985 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на општината Македонски Брод“.

3. Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 188/86 од 3 јуни 1987 година, поведе постапка за оценување законитоста на член 3 од одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за согласноста на оспорениот член од одлуката со Законот за шумите („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74).

4. На седницата Судот утврди дека во член 3 од оспорената одлука е предвидено за извршена работа — ознака на сеча на шумите на кои постои право на сопственост, Организацијата шумско стопанство „Сандански“ во општина Македонски Брод да наплатува такса за ознака како стварни трошоци. Исто така е определена висината на таксата за ознака на поодделни видови дрва и е утврдено износот на таксата да се уплатува 80% на сметка на овластената организација и 20% во корист на органот на управата.

5. Во член 32 од Законот за шумите е предвидено со шумите на кои постои право на сопственост да се стопанисува врз основа на критериумите за извршување на сечите и работите на одржувањето и унапредувањето на шумите, утврдени со одлука на собранието на општината.

Според член 52 став 1 од овој закон општината може да ја презема грижата за одржување и унапредување на шумите на кои постои право на сопственост, доколку сопственикот не ги преземе определените мерки за одржување и унапредување. Според став 2 на овој член, ако општината се грижи за одржување и унапредување на шумите, сопствениците се должни на општината да и ги надоместат трошоците околу одржувањето и унапредувањето на нивните шуми. Надоместокот, пак, според ставот 3 од овој член се уплатува на посебна сметка. Според став 5 на овој член под одржување и унапредување на шуми се подразбира пошумување на пасишта, нега на шумите и културите, подобрување на состојбата на дрвниот фонд, како и заштита од пожар, штетни инсекти и растителни болести.

Согласно член 53 од Законот, за шумите на кои постои право на сопственост, работите на ознаката за сеча, премер, контрола на превезувањето и пренесување на шумските производи, одгледувањето и заштита на шумите од растителни болести и штетници, општината може да ги пренесе врз организацијата што стопанисува со шуми, со донесување на акт за пренесување, кој треба да ги содржи меѓусебните права и обврски на општината и организацијата меѓу кои и висината на надоместокот за преземените работи.

Од изнесените одредби произлегува дека законот ги утврдил случаите за кои работи и под кои услови може да се задолжат сопствениците на шумите, да платат надоместок за одржување за унапредување на шумите, при што изречно не предвидел можност за општината и организацијата која стопанисува со шумите да утврдуваат обврска за плаќање на такса односно надоместок за ознака за сеча на шумите на кои постои право на сопственост.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 3 од Одлуката е предвидено плаќање надоместок за ознака на сеча на шумите на кои постои право на сопственост, а Законот не предвидува таква можност Судот утврди дека тој член не е во согласност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 188/86
8 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров**, с. р.

**652.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 8 јули 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за станбени односи на работниците во Основната организација на здружениот труд „Кристалограферница — Кичево" с. Извор — Кичево, во состав на Работната организација „Стакларница" во Скопје, донесен на собир на работниците на 26 август 1986 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената организација на здружениот труд на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 226/86 од 6 мај 1987 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека Правилникот е донесен на собир на работниците.

5. Според член 463 од Законот за здружениот труд, работниците во основните организации на здружениот труд за основите и мерилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка одлучуваат со референдум.

Со оглед на тоа што со оспорениот Правилник се утврдени основи и мерила за распределба на станови на користење, како дел од средствата за заедничка потрошувачка на работниците, а е донесен на собир на работниците, а не со референдум, Судот утврди дека тој е во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 226/86
8 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров**, с. р.

**653.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 јули 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ Одлуката за наградување на возачите на теретни возила во Основната организација на здружениот труд ИГМ „Слога" во Ресен, донесена на собир на работниците одржан на 9 март 1984 година и Одлуката за наградување на возачите на теретни возила, донесена од Работничкиот совет на означената Основна организација на здружениот труд на 3 мај 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената основна организација на здружениот труд на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Битола, со предлог поведе постапка за оценување законитоста на Одлуките означени во точката 1 на ова решение, затоа што се донесени од Работничкиот совет односно од собирот на работниците, а не со референдум.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорените одлуки е уредено наградувањето на возачите на товарни возила во означената основна организација на здружениот труд по основ на реализација на плановите за превоз на градежни материјали, а во зависност од видот на товарните возила. Според овие одлуки, на работникот — возач му припаѓа определен процент за реализација на планот за превоз, чија висина се утврдува од вредноста на остварениот приход од превоз на градежните материјали. Исто така, со одлуките е уредено и наградувањето на овие работници по основ на натфрлување на планот за превоз, како и прашањата за утврдување на нивните лични доходи во случај на делумно остварување на планот во зависност од застојот на работата определен број денови.

5. Според член 463 од Законот за здружениот труд за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи работниците во основната организација на здружениот труд одлучуваат со референдум.

Со оглед на тоа што со одлуките означени во точката 1 од ова решение се утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи на работниците — возачи на товарни возила во означената Основна организација на здружениот труд, а не се донесени со референдум, Судот утврди дека тие се во спротивност со означениот член од Законот.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 20/87
14 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Веселин Петрушевски од с. Отушиште против тужениот Атанас Петрушевски од Тетово и Ристана Петрушевска од с. Отушиште и Сандре Веселиновски од с. Отушиште, со непозната адреса во САД.

Се повикуваат лицата Ристана Петрушевска од с. Отушиште и Сандре Веселиновски од с. Отушиште, сега со непозната адреса во САД, да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас, да достават своја адреса или постават свој полномошник. Во спротивно, на истите ќе им биде поставен привремен старател од страна на судот кој ќе ги штити нивните права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 749/86.

### ЛИКВИДАЦИЈА

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека со решението на овој суд Рл. бр. 7/87 од 21. VII. 1987 год. ја спроведува постапката за редовна ликвидација на ликвидациониот должник Занатско-услужна задруга „Стаклопласт" — Скопје.

За ликвидационен управител се одредува лицето Љубе Поповски од Скопје, булевар „Илинден" бр. 83.

Се повикуваат доверителите во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот за редовна ликвидација во „Службен лист на СФРЈ" да ги пријават своите побарувања до ликвидациониот совет со поднесок во два примероци со докази.

Се повикуваат должниците своите долгови да ги измират без одлагање.

Се закажува рочиште за испитување на побарувањата за 9. X. 1987 година во 8 часот во овој суд, соба бр. 60.

Од Окружниот стопански суд во Скопје.

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 65 од 10. IX. 1986 година на регистарска влошка бр. 1-95-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на деловна единица — претставништво Земјоделска задруга „Солун" — с. Сачево, Претставништво во с. Мерошина, со следните податоци: Земјоделската задруга „Солун" — с. Сачево, Струмичко отвори свое претставништво во с. Мерошина.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 65/86. (556)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 66 од 12. IX. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-100-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Земјоделско сточарска задруга „Маркова Река", с. Раборци, Струмичко Ц. О. со следните податоци: Задругата е основана од 17 индивидуални земјоделски производители на основачкото собрание одржано на ден 15 мај 1986 година.

Задругата се занимава со:

— земјоделско и сточарско производство,

— откуп и пласман на земјоделско и сточарско производство;

— преработка на земјоделски и сточарски производи, набавка и промет со сите видови репроматеријали;

— вршење услуги и давање совети на здружените земјоделци.

Задругата во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет задругата одговара со сите свои средства — целосна одговорност.

За обврските на задругата емчат и основачите со по 10.000 динари.

Овластено лице за застапување е Стојан Ѓорѓе Терзиев од с. Раборци, вршител на должноста директор на задругата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип. Фи. бр. 66/86. (557)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 32 од 16. V. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-41-0-0, го запиша во судскиот регистар конституирањето под фирма: Се изврши конституирање на Земјоделската задруга „Штучанка" с. Штука, Струмичко Ц. О. поради статусни промени во организирањето на основната организација.

Земјоделската задруга во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка — целосна одговорност.

За обврските сторени во правниот промет задругата одговара со сите свои средства — целосна одговорност.

За обврските на задругата основачите одговараат со по 10.000 динари.

Овластено лице за застапување е Цветанов Ристо од с. Штука, вршител на должноста директор на задругата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 32/86. (564)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 805 од 19. XII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 2-1821-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност на Земјоделската задруга „Марвинци", Р. О. с. Марвинци — Валандово, со следните податоци: Се запиша проширувањето на споредната дејност со:

— набавка и продажба на градежни материјали,

— набавка и продажба на мешана стока.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 805/86. (1)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 598 од 5. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-1977-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност на Земјоделската задруга „Југопроизвод", Р. О. с. Николиќ — Гевгелија, со следните податоци: Се запишува проширувањето на споредната дејност со:

— производство на брикет од секундарни суровини (лозови прачки, трска);

— промет на големо и мало со производи на црна и обоена металургија и градежни материјали (бетонско железо и водоинсталатерски материјали);

— промет на биротехника и книга;

— промет со секундарни суровини;

— организирање и пружање на угостителски услуги.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 598/87. (171)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 615 од 8. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-913-7-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето поради здружување во Р. О. без ООЗТ со следните податоци: Се запиша бришењето на ООЗТ „Болничко диспанзерска дејност" О. Сол. О., Кавадарци, ул. „Браќа Миладинови" бр. 11 во состав на Медицински центар „Кавадарци", О. Сол. О. со ООЗТ — Кавадарци, поради здружување во работна организација без ООЗТ.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 615/87. (172)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 616 од 8. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-913-6-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето поради здружување во РО без ООЗТ со следните податоци: Се запиша бришењето на ООЗТ „Стоматолошка служба" — Кавадарци, О. Сол. О., ул. „Браќа Миладинови" бр. 11 во состав на Медицински центар Кавадарци, О. Сол. О со ООЗТ Кавадарци, поради здружување во РО без ООЗТ.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 616/87. (173)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 617 од 8. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-913-1-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето поради здружување во РО без ООЗТ со следните податоци· Се запиша бришењето на ООЗТ „Служба за општа медицина" — Кавадарци со О. Сол. О. во состав на Медицински центар „Кавадарци", О. Сол. О. со ООЗТ — Кавадарци,

ул. „Браќа Миладинови“ бр. 11, поради здружување во Работна организација без ООЗТ.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 617/87. (174)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 618 од 8. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-913-0-0-0, го запиша во судскиот регистар конституирањето на работната организација под фирма: Медицински центар „Кавадарци“, Ц. О., Кавадарци, ул. „Браќа Миладинови“ бр. 11.

Оваа работна организација е конституирана со здружување на ООЗТ „Служба за општа медицина“ Кавадарци; ООЗТ Болничко диспанзерска дејност — Кавадарци и ООЗТ Стоматолошка служба Кавадарци по пат на референдум на 13. III. 1987 година и со донесување на самоуправна спогодба за здружување на трудот на работниците во Медицински центар „Кавадарци“ — Кавадарци под бр. 02-208/7 од 18. III. 1987 година.

Основни дејности:

130111 — здравствено-превентивна заштита;

130112 — санитарна заштита;

130120 — амбулантно-поликлиничка и диспанзерска здравствена заштита;

130131 — стационарна здравствена заштита (без рехабилитација);

130140 — стоматолошка здравствена заштита.

Работната организација во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

Работната организација за обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

Лице овластено за застапување е д-р Лазар Бањански, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 618/87. (175)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 639 од 7. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 3-1652-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Ц. О. — Скопје, ул. „Никола Вапцаров“ бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Никола Тозија, секретар, без ограничување, а се запишува новиот застапник Стевица Божиновски, секретар без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 639/87. (176)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 586 од 24. IV. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-1631-13-0-0, го запиша во судскиот регистар запишувањето на привремената управа и промената на лицето овластено за застапување — привремен управник на Работната организација за основно воспитание и образование „Илинден“, О. Сол. О. со ООЗТ — Скопје, ООЗТ Централно основно училиште „Лирија“, с. Брест, Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Јакуп Муса, в. д. директор, без ограничување, а се запишува привремената управа и лицето овластено за застапување Баки Алими, претседател на привремениот одбор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 586/87 (177)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 624 од 6. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-753-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Студентскиот центар „Скопје“, со Н. сол. о. на ООЗТ Скопје, ул. „ИвоРибар Лола“ бр. 58.

Се брише досегашниот застапник Добре Јакимов, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Николче Глигоров, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 624/87. (178)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 646 од 7. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-1166-2-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Факултетот за филозофско-историски науки со О. Сол. О, на ООЗТ Скопје, ООЗТ Институт за национална историја — Скопје со О. Сол. О. кеј „Димитар Влахов“ бб со следните податоци: Се брише досегашниот застапник академик д-р Манол Пандевски, директор, а се запишува новиот застапник д-р Владо Ивановски, директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 646/87. (179)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 333 од 8. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-2140-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето под фирма: Станбена задруга „Углед“, О. Сол. О., Скопје, ул. „Вуковарска“ бр. 17.

Задругата е основана со одлука за основање станбена задруга од 5. I. 1987 година, со самоуправна спогодба за здружување во станбена задруга на ден 5. I. 1987 година од 24 основачи.

Основни дејности:

— вршење на инвеститорски работи за изградба на семејни станбени згради и станови, како и деловни простории, доколку истите се наоѓаат во станбената зграда во која се наоѓаат и членовите на задругата;

— организирање на штедење за стан за членовите на задругата;

— купување станбени згради и станови како и деловни простории доколку истите се предвидени во станбената зграда во која се наоѓа и станот на членот на задругата заинтересиран за вршење на дејност со личен труд, од општествено-правни лица за потребите на своите членови;

— набавување на градежен и друг материјал и елементи потребни за изградба на станбени згради, станови и деловни простории за своите членови;

— одржување на станбени згради и станови на членовите на задругата.

Задругата во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските настанати во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства.

За обврските на задругата направени во правниот промет со трети лица одговараат ограничено солидарно и здружените задругари во височина на здружените средства во износ од 200.000 динари.

Лице овластено за застапување е Јашаревски Илија, в. д. директор, неограничено.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 333/87. (180)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 495 од 11. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-2136-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на РО под фирма: Новинско издавачка организација „Студентски збор“, Ц. О., Скопје, ул. „Пиринска“ бб барака 5.

Со одлука на Универзитетскиот одбор на ССЈ Скопје на седницата одржана на 15. I. 1986 година утврдено е весникот „Студентски збор“ да прерасне во новинско издавачка организација „Студентски збор“ — Скопје. РЗ на Редакцијата донесе статут на 26. IX. 1968 година. Ова е санкционирано на XXI-то собрание на ССЈ на Македонија на ден 2. XI. 1968 година.

Основни дејности:

120312 — новинско-издавачка дејност.

Работната организација во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица, работната организација одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Насте Стојкоски, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 495/87. (181)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 786 од 15. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-384-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата односно називот со следните податоци: Досегашната фирма — односно назив на Гимназијата „Митко Пенџуклиски", Кратово, со Ц. О. „Вељко Влаховиќ бр. бб се менува и во иднина ќе гласи: Училиште за средно образование Митко Пенџуклиски" — Кратово, со Ц. О. ул. „Вељко Влаховиќ" бр. бб.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 786/87. (237)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 747 од 8. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-901-7-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ поради здружување во единствена РО без ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ за стоматолошка здравствена заштита „Стоматологија", Н. Сол. О., ул. „Борис Кидрич" бр. 5, Куманово, во состав на Медицинскиот центар „Куманово" Н. Сол. О. со ООЗТ, ул. „Борис Кидрич" бр. 5, Куманово, поради здружување во РО Медицински центар „Куманово, Ц. О., ул. „Борис Кидрич" бр. 5 — Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 747/87. (238)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 748 од 8. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-901-5-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ поради здружување во единствена РО без ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ за општа и превентивна медицина „Куманово", Н. Сол. О., ул. „Б. Кидрич" бр 5, Куманово, поради здружување во РО Медицински центар „Куманово", Ц. О., ул. „Борис Кидрич" бр. 5 Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 748/87. (239)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 749 од 8. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-901-9-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ поради здружување во единствена РО без ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ за болничка и диспанзерска дејност „Куманово", Н. Сол. О. со ул. „11 Октомври" бб — Куманово, во состав на Медицинскиот центар „Куманово", Н. Сол. О. со ООЗТ, поради здружување во РО Медицински центар „Куманово", Ц. О., Куманово, ул. „Борис Кидрич" бр. 5.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 749/87. (240)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 818 од 23. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-943-3-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Училишниот центар за средно образование — Куманово ООЗТ Техничко училиште „Наце Буѓони" — Куманово ул. „Бајрам Шабани" бб. со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Тодор Симоновски, директор, а се запишува новиот застапник Димитар Доцевски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 818/87. (241)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 315 од 26. V. 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-1893-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредните дејности на Земјоделската задруга „Матејче", Р. О., с. Матејче, Куманово со следните податоци: Се запишува промената на споредната дејност:

070110 — трговија на мало со прехранбени производи;

070111 — леб и печива, млеко и млечни производи;

070114 — разни животни производи и производи за домашни потреби и безалкохолни пијалаци;

070124 — огревен материјал;

080019 — 080190 — угостителски услуги.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 315/87. (242)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 764 од 6. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-1777-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Занаетчиската задруга за производство на метли „Меткор", Р. О. Скопје, ул. „Прохор Пчински" бр. 94, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Мирчевски Тодор, директор, а се запишува новиот застапник Мартиновски Милан, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 764/87. (243)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 713 од 9. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 2-1863-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето — поблиската адреса со следните податоци: Досегашното седиште — поблиска адреса на Градежната занаетчиска услужна задруга „Скопјемонт", Р. О., Скопје, ул. „710" бб, се менува и во иднина ќе гласи: Градежна занаетчиска услужна задруга „Скопјемонт", Р. О., Скопје, ул. „Вич" бр. 24 кула 14.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 713/87. (244)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 742 од 4. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-1196-7-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделскиот факултет, О. Сол. О., Скопје, ООЗТ — Институт за заштита на растенијата — Скопје, булевар „Југославија" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник д-р Драган Михајловиќ, а се запишува новиот застапник д-р Филип Пејчиновски, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 742/87. (245)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 602 од 9. VI. 1987 година, на регистарска влошка бр. 1-114-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето и поблиската адреса со следните податоци: Досегашното седиште — поблиската адреса на Угостителскиот училишен центар „Лазар Танев", Ц О., Скопје, ул. „Огњен Прица" бр. 5, се менува и во иднина ќе гласи: Угостителски училишен центар „Лазар Танев", Ц. О., Скопје, ул. „Стрезово" бб.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 602/87. (246)

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Сервисна книшка бр. 405509 за патничко возило „Лада караван" на име РО за дистрибуција на електрична енергија во Македонија „Електромакедонија" О. Сол. О. со ООЗТ — Скопје. (4269)

Воена книшка бр. АШ 077652 на име Саид Сулејманов, ул. „Радовишки пат" бр. 149, Штип. (4223)

Воена книшка. издадена во Скопје на име Ајет Сабри, ул. „Вардарска" бр. 92, Куманово. (4224)

Работна книшка на име Добри Станимировски, Куманово. (4228)

Работна книшка на име Весна Атанасовска, Крива Паланка. (4230)

Работна книшка на име Стојан Костоски, Македонски Брод. (4231)

Работна книшка на име Драги Тошевски, Штип.

Работна книшка на име Цветан Новески, Тетово. (4242)

Лична карта на име Синан Белули, с. Седларево, Тетово. (4243)

Возачка дозвола, издадена од СВР — Сараево на име Синан Белули, с. Седларево, Тетово. (4244)

Работна книшка на име Муарем Куриу, Тетово.

Воена книшка на име Зија Адеми, ул. „М. Бафтијари“ бр. 159, Тетово. (4246)

Воена книшка на име Јасин Абдулаи, с. Челопек, Тетово. (4247)

Работна книшка на име Мусафер Бакија, Тетово.

Одобрение за шнајдер У. бр. 11-2250 од 10. IX. 1982 година, издадено од СО — Чаир — Скопје на име Осман Асан, ул. „Брсјачка буна“, бр. 179/а, Скопје. (4252)

Работна книшка на име Исмаил Скорупан, Куманово. (4253)

Работна книшка на име Боре Денковски, Куманово. (4254)

Работна книшка на име Коста Пецов, Тетово.

Свидетелство за III година, издадено од АСУЦ „Боро Петрушевски“ — Скопје на име Предраг Арсовски, Скопје. (1)

Работна книшка, издадена од Скопје, на име Ѓулбеар Алишан, Скопје. (2)

Режиска карта, издадена од ЖТО — Скопје, на име Мирослав Лазаревиќ, Скопје. (3)

Работна книшка на име Стефчо Јованчев, Скопје.

Воена книшка на име Сутки Сулејмани, Скопје.

Работна книшка на име Снежана Цобевска, Скопје. (6)

Работна книшка на име Јашар Шаин, Скопје. (7)

Свидетелства за завршено I, II, и III година на име Херал Мустафа, Скопје. (8)

Воена книшка на име Васил Манов, Скопје. (9)

Книшка на име Мирослава Велјаноска, Прилеп.

Здравствена легитимација на име Ѓурѓа Атанасоска, Прилеп. (11)

Свидетелство за VIII одделение на име Светлана Младеновска, Кратово. (12)

Свидетелство за I година гимназија на име Ристески Симеон, Брод Македонски. (13)

Свидетелство за II година гимназија на име Ристески Симеон, Брод Македонски. (14)

Свидетелства за I, II, III и IV година на име Павлески Добривој, с. Вир, Македонски Брод. (15)

Свидетелство за завршено I година на име Кузмановски Велимир, с. Црешнево, Македонски Брод.

Здравствена легитимација на име Шаип Одаи, Тетово. (17)

Свидетелство за III одделение на име Џенгис Умари, Тетово. (17)

Здравствена легитимација на име Камбер Весели, Тетово. (19)

Свидетелство на име Шпанди Шеапи, Гостивар.

Свидетелство за VI одделение на име Ирфан Челебиу, Гостивар. (22)

Свидетелство за IV одделение на име Латифе Етеми, с. Горјане, Гостивар. (23)

Свидетелства за VIII одделение и I година на име Лазо Соколов, Штип. (24)

Свидетелства од I до IV година на име Жарко Дукиќ, Штип. (25)

Свидетелства од I до IV година на име Мевлудин Дедиќ, Штип. (26)

Работна книшка на име Исмаил Максут, Скопје. (28)

Воена книшка на име Тони Трпчевски, с. Сиричино, Тетово. (4257)

Воена книшка на име Џабир Мифтари, с. Жеровјане, Тетово. (4262)

Воена книшка на име Мухарем Имери, ул. „Корушка“ бр. 33, Тетово. (4263)

Воена книшка на име Камбер Хусеини, с. Селце, Тетово. (4264)

Работна книшка на име Драге Мишевски, Куманово. (4274)

Воена книшка на име Џеват Фетаовски, ул. „Ѓ. Петров“ бб, Куманово. (4275)

Работна книшка на име Славко Синадиноски, Гостивар. (4277)

Тековна сметка бр. 40100-620-37 и чекови бр. 1012688 до 1012690, издадени од Југобанка — Скопје, на име Блажо Спасов, ул. „Благоја Деспотов“ бр. 14, Скопје.

Пасош бр. В 408878, издаден од Јорданската амбасада во Белград на име Ата Шатат, Скопје.

---

## СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79, 46/82 и 27/86) Собранијата на општините Гази Баба, Кисела Вода и Чаир објавуваат дека ќе вршат

### ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ТРОЈЦА СУДИИ ВО ОПШТИНСКИОТ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Кандидатите за избор на претседател и судија треба да ги исполнуваат следните услови:

— да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

— да се дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење,

— да имаат положено правосуден испит, и

— да имаат морално-политички квалитети за вршење на судската функција.

Заинтересираните кандидати, пријавите со потребните документи треба да ги доставаат до Собранието на општината Чаир — Комисија за прашањата на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на ова соопштение.

---

## СОДРЖИНА

Страна

647. Одлука за давање согласност на Одлуката за поместување на нивото на премијата за осигурување на корисниците, односно сопствениците на моторни возила од одговорност за штети причинети на трети лица — — — — — — — — — 609

648. Одлука за изменување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1987 година — — — — — 609

649. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 238/86 од 1 јули 1987 година — — 609

650. Решение на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 128/87 од 8 јули 1987 година — — 610

651 Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 188/86 од 8 јули 1987 година — — 611

652. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 226/86 од 8 јули 1987 година — — 612

653. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 20/87 од 14 јули 1987 година — — 612

---

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**